# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 09 Јули 2018 година<br>Скопје<br>Бр.10 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година ........стр.2
2. Одлука за Измена и Дополна на Програма "Ф" за Урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година ........стр.4
3. Одлука за Измена и дополна на УПВНМ клучка Стопански Двор ........стр.7
4. Одлука за Ко-финансирање на Подпроект Мултимедијален Едукативен Центар " Локалитет Кучково-Порта на чистиот воздух во Скопската котлина" ........стр.10
5. Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот Иградба на Локален Пат "село Орман, село Волково, село Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров" ........стр.12
6. Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот "Изградба на Раскрсница (кружен тек во село Волково), со краци према пруга, село Орман и село Кучково, Општина Ѓорче Петров".стр.14
7. Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот "Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров .....стр.16
8. Предлог за покренување на граѓанска иницијатива за промена на ДУП СЗ 20 и Предлог-Заклучок за утврдување на уредност на граѓанска иницијатива за промена на ДУП СЗ 20 ........стр.18


Јули 2018 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/1**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 15 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Сл.весник на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарна Одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на 09.07.2018 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | -1.095.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 493210 | Отплата на главнината на долгорочни позајмуван | 5.295.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРО** | | | | | |
| 485420 | Надомест за одземен имот | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J60** | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦ** | | | | | |
| 461130 | Субвенции за јавни комунални претпријатија | -2.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за пренамена на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и стан составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

Бр. 08-2421/3
09.07.2018
Скопје

Претседател на Советот на Општината
Илија Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за Измена и дополна на Програма “Ф” за Урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за Измена и дополна на Програма “Ф” за Урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/2**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на 09.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ во„Ф1“ Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ за 2018 година, „Ф1“ Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, објавена во („Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров број 19/17, 3/18 и 7/2018).

**Член 2**

Во глава I Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање, се врши измена и дополнување во ВОВЕД во делот Трошоци за изготвување на урбанистички планови-табела Расходи, ГРУПА 42- Стоки и услуги, ПОД ГРУПА 4256- Услуги за животна средина и просторно планирање, Основни сметки 42564- Изработка на детални и други урбанистички планови во табела, се дополнува во точка 2, со нова алинеја

- Изменување и дополнување на УПВНМ Клучка стопански двор, УЕ „А“; УЕ „Б“- БЛОК 6; и УЕ „В, за која веќе има предвидени трошоци од 2 359 000,00 денари.

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“, во делот „Ф1“ Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, е составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на

Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ и Подпрограмата за урбанистичко планирање „Ф 1.“ на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-2421/4**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на УПВНМ-Урбанистички план вон населено место клучка Стопански Двор за УЕ „А“; УЕ „Б“- БЛОК 6; и УЕ „В“, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката измена и дополнна на УПВНМ-Урбанистички план вон населено место клучка Стопански Двор за УЕ „А“; УЕ „Б“- БЛОК 6; и УЕ „В“, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/3**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 13, член 24 и член 82 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на 09.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За измена и дополна на дел од УПВНМ – Урбанистички план вон населено место клучка Стопански Двор за УЕ „А"; УЕ „Б"- БЛОК 6; и УЕ „В";, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се дефинира граница за измена и дополна на дел од УПВНМ – Урбанистички план вон населено место клучка Стопански Двор за УЕ „А"; УЕ „Б"- БЛОК 6; и УЕ „В", Општина Ѓорче Петров-Скопје, донесен со одлука број 0742/3 од 22.01.2010 година.

**Член 2**

Просторот за кој се изготвува изменување и дополна на дел од планот УПВНМ - Урбанистички план вон населено место клучка Стопански Двор е во две цели Урбани единици УЕ „А"; УЕ „В" и дел односно БЛОК 6 од урбана единица блок УЕ „Б"- со вкупна површина на планскиот опфат од 83,35ха.

**Член 3**

Измена и дополнувањето на дел од планот УПВНМ Урбанистички план вон населено место клучка Стопански Двор е во две цели Урбани единици УЕ „А"; УЕ „В"- БЛОК 6; и УЕ „В е поради усогласување со Законот за постапување со бесправно изградени објекти Сл.весник на РМ(бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/217) согласно констатираната состојба со изградени постојни објекти со намена домување во рамки на границите на планскиот опфат на изменување како и согледаната потреба од дополнително планирање на намена А домување.

**Член 4**

При изготвување на Планската документација за изменување и дополна на УПВНМ КЛУЧКА СТОПАНСКИ ДВОР, УЕ „А"; УЕ „Б"- БЛОК 6; и УЕ „В", во однос на содржината и намените треба во целост да се изработи согласно: Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален

урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко – плански документации и Архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на Р.М. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 228/15, 99/16 и 134/16, 33/17 и 86/18), и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

**Член 5**

Градоначалникот со Стручните служби од Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров по донесување на одлуката за измена и дополна на дел од УПВНМ – Урбанистички план вон населено место Клучка Стопански Двор, УЕ „А"; УЕ „Б"- БЛОК 6; и УЕ „В", Општина Ѓорче Петров-Скопје ќе отпочне активности согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање, за навремено донесување на потребната документација.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2421/5**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за Ко-финансирање на Подпроект Мултимедијален Едукативен Центар " Локалитет Кучково-Порта на чистиот воздух во Скопската котлина"**

Се објавува Одлуката за Ко-финансирање на Подпроект Мултимедијален Едукативен Центар „Локалитет Кучково-Порта на чистиот воздух во Скопската котлина", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/4**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – (Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 09.07.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на подпроект Мултимедијален Едукативен Центар**
***“ Локалитет Кучково-Порта на чистиот воздух***
***во Скопската котлина”***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава подршка и се одобрува аплицирањето, односно доставата на целосена проектна апликација, како и ко-финансирање на подпроектот Мултимедијален Едукативен Центар “ Локалитет Кучково-Порта на чистиот воздух во Скопската котлина”, кој ја помина првата фаза.

**Член 2**

Со подпроектот се планира: (1) реконструкција на објектот на старото училиште, адаптација на предавални, мултимедијален центар и музејска поставка во с.Кучково, (2) реконструкција на постоечкото спортско игралиште во пикник зоната во с.Кучково со поставување урбана опрема, односно летниковци, клупи, попатна сигнализација и (3) обуки за маркетинг и брендирање, како и активности за видливост на подпроектот.

**Член 3**

Вкупната вредност на подпроектот изнесува 39.100.000 денари, од кои 35.190.000 или 90% се донација од ПЛРК, а Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на подпроектот со 10% од, односно 3.910.000 денари, доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Единицата за спроведување и Светска Банка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2421/6**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот Иградба на Локален Пат "село Орман, село Волково, село Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за давање на приоритет за реализација на проектот Иградба на Локален Пат "село Орман, село Волково, село Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/5**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 09.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет за реализација на проектот**
**" Изградба на локален пат с..Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за реализација на проектотот" Изградба на локален пат с..Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров", за аплицирање од страна на Општина Ѓорче Петров за добивање на неповратни средства (грант), по Јавен повик бр.02/2018 објавен од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Се одобрува Општина Ѓорче Петров да аплицира на јавниот повик за добивање на неповратни средства, односно доделување финансиска поддршка на Општината, а со цел да се реализира проектот.

**Член 3**

Со средствата добиени од грантот ќе се изгради објект-локален пат с.Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров, а согласно Проект со тех.број ИНГ 044-06-18 од јини 2018, изработен од ГИМ АД Скопје.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-2421/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 09.07.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот "Изградба на Раскрсница (кружен тек во село Волково), со краци према пруга, село Орман и село Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за давање на приоритет за реализација на проектот "Изградба на Раскрсница (кружен тек во село Волково), со краци према пруга, село Орман и село Кучково, Општина Ѓорче Петров", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/6**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 09.07.2018, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање приоритет за реализација на проектот**

**“ Изградба на раскрсница(кружен тек) во село Волково, со краци према пруга, с.Орман и с.Кучково, Општина Ѓорче Петров”**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за реализација на проектотот “ Изградба на раскрсница (кружен тек) во село Волково, со краци према пруга, с.Орман и с.Кучково, Општина Ѓорче Петров”, за аплицирање од страна на Општина Ѓорче Петров за добивање на неповратни средства (грант), по Јавен повик бр.02/2018 објавен од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Се одобрува Општина Ѓорче Петров да аплицира на јавниот повик за добивање на неповратни средства, односно доделување финансиска поддршка на Општината, а со цел да се реализира проектот.

**Член 3**

Со средствата добиени од грантот, ќе се изгради објект- раскрсница (кружен тек) во село Волково, со краци према пруга, с.Орман и с.Кучково, Општина Ѓорче Петров, а согласно Проект со тех.број ИНГ 050-06-18 од јуни 2018, изработен од ГИМ АД Скопје.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

**Број 08-2421/8** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 09.07.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот "Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за давање на приоритет за реализација на проектот ""Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/7**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 09.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет за реализација на проектот**
**"Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за реализација на проектотот "Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров", за аплицирање од страна на Општина Ѓорче Петров за добивање на неповратни средства (грант), по Јавен повик бр.02/2018, објавен од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Се одобрува Општина Ѓорче Петров да аплицира на јавниот повик за добивање на неповратни средства, односно доделувањето финансиска поддршка на општината, а со цел да се реализира проектот.

**Член 3**

Со средствата добиени од грантот ќе се реконструира локалниот пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец, Општина Ѓорче Петров, а согласно Проект за мостот со тех.број 13/04 од 2004 година, изработен од Прима Инженеринг Скопје и Проект за локалниот пат со тех.број ИНГ 054-07-18 од 2018 година, изработен од ГИМ АД Скопје.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-2421/9** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 09.07.2018 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за утврдување на уредност**
**на граѓанска иницијатива**

Се објавува Заклучокот за утврдување на уредност на граѓанска иницијатива за промена на ДУП СЗ 20 нас.Хром, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 09.07.2018 година.

**Број 09-2516/8**
**од 09.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 74, а во врска со 76 став 4 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (Службен Весник на РМ број 81/05), член 62 од Законот за локална самоуправа(Службен Весник на РМ број 5/02), член 55 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на општината (Службен Гласник број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров 13-тата седница одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за утврдување на уредност на граѓанска иницијатива**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа предлог граѓанската иницијативата за измена и дополнување на Детлниот урбанистички план С320 нас. Хром доставена на ден 04.07.2018 година и утврди дека истата е поднесена согласно членовите 3 став 3 и 74, 75 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, односно од овластен предлагач и се однесува за прашање за кое е надлежен да одлучува советот на Општина Ѓорче Петров и потписите се дадени пред органот на државната управа надлежен за евиденција на избирачкото право, односно утврди дека истата е УРЕДНА.

2. Се задолжува претседателот на советот во рок од три (3) дена сметано од денот на донесувањето на заклучокот, да го извести овластениот предлагач на граѓанската иницијатива.

3. Предлагачот е должен граѓанската иницијатива за измена и дополнување на Детлниот урбанистички план С320 нас.Хром, да ја спроведе во рок од еден (1) месец сметано од денот на добивање на известувањето за нејзината уредност.

4. Доколку граѓанската иницијатива за измена и дополнувањеа на Детлниот урбанистички план С320 нас.Хром не се спроведе во рокот утврден во точка 3 од овој Заклучок, ќе се смета дека истата не е покрената.

5. Заклучокот стапува на сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2421/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**

**од 09.07.2018 година** **Претседател,**

**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**